ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА

Член 1

Во Законот за внатрешната пловидба („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/07, 26/09, 22/10, 23/11, 53/11, 155/12 и 15/13), во членот 65 по став 4 се додаваат три нови става 5, 6 и 7 кои гласат:

„Ако чамец не е впишан во регистарот на чамци и нема исправа за способност за пловидба, за истиот може да се издаде привремена пловидбена дозвола заради тестирање на чамецот и за промотивни цели со чамецот.

За издавање привремена пловидбена дозвола сопственикот на чамецот до Капетанијата поднесува барање во кое се наведува: причинаta за издавање привремена пловидбена дозвола, податоци за сопственикот на чамецот, тип на чамецот, број на трупот, материјал од кој е изграден чамецот, димензии на чамецот, вид на мотор и број на мотор.

Кон барањето за издавање привремена пловидбена дозвола се приложува: доказ за сопственост за пловниот објект, свидетелство за градба односно декларација за сообразност на пловниот објект и полиса за осигурување од одговорност за штета причинета на трети лица.“

Член 2

Во член 301 ставот 4 се менува и гласи:

„Покрај глобата од став 1 на овој член за прекршокот утврден во став 1 алините 10, 16, 18 и 23 на овој член, пловниот објект со кој е сторен прекршокот од став 1 алините 10, 16, 18 и 23 на овој член, трајно се одзема во сопственост на Република Македонија со асистенција на униформиран полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот, со издавање на решение за трајно одземање на пловниот објект од страна на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба.

По ставот 4 се додаваат пет нови става 5, 6, 7, 8 и 9 кои гласат:

„Покрај глобата од став 1 на овој член за прекршокот утврден во став 1 алините 10, 16, 18 и 23 на овој член, пловниот објект со кој е сторен прекршокот од став 1 алините 10, 16, 18 и 23 на овој член , времено се одзема со асистенција на униформиран полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот за период од шест месеци до една година , со издавање на решение за времено одземање на пловниот објект од страна на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба. Во случај на повторување на прекршокот од страна на истиот сторител или со истиот пловен објект, пловниот објект трајно се одзема во сопственост на Република Македонија со асистенција на униформиран полициски службеник во моментот на сторување на

прекршокот, со издавање на решение за трајно одземање на пловниот објект од страна на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба.

Против решението на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба не е дозволена жалба.

Против решението на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба, може да се поднесе тужба за управен спор во рок од осум дена од приемот на решението за одземање на пловниот објект.

Тужбата за управен спор не го одлага извршувањето на решението за времено и трајно одземање на пловниот објект, донесено од инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба.

Трошоците кои ќе настанат од спроведувањето на решението за времено одземање на пловниот објект до истекот на рокот за враќање на пловниот објект паѓаат на товар на сторителот на прекршокот.”

Член 3

Во членот 303 ставот 3 се менува и гласи:

„Покрај глобата од став 1 на овој член за прекршокот утврден во став 1 алините 10, 16, 18 и 23 на овој член, пловниот објект со кој е сторен прекршокот од став 1 алините 10, 16, 18 и 23 на овој член, трајно се одзема во сопственост на Република Македонија со асистенција на униформиран полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот, со издавање на решение за трајно одземање на пловниот објект од страна на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба.

Поставот 3 се додаваат пет нови става 4, 5, 6, 7 и 8 кои гласат:

„Покрај глобата од став 1 на овој член за прекршокот утврдени во став 1 алините 10, 16, 18 и 23 на овој член, пловниот објект со кој е сторен прекршокот од став 1 алините 10, 16, 18 и 23 на овој член , времено се одзема со асистенција на униформиран полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот за период од шест месеци до една година , со издавање на решение за времено одземање на пловниот објект од страна на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба. Во случај на повторување на прекршокот од страна на истиот сторител или со истиот пловен објект, пловниот објект трајно се одзема во сопственост на Република Македонија со асистенција на униформиран полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот, со издавање на решение за трајно одземање на пловниот објект од страна на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба.

Против решението на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба не е дозволена жалба.

Против решението на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба, може да се поднесе тужба за управен спор во рок од осум дена од приемот на решението за одземање на пловниот објект.

Тужбата за управен спор не го одлага извршувањето на решението за времено и трајно одземање на пловниот објект, донесено од  инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба.

Трошоците кои ќе настанат од спроведувањето на решението  за времено одземање на пловниот објект до истекот на рокот за враќање на пловниот објект паѓаат на товар на сторителот на прекршокот."

Член 4

Во членот 304 по  ставот 1 се додаваат 6 нови става кои гласат:

„Покрај глобата од став 1 на овој член за прекршокот утврден во став 1 алините 8, 13, 15 и 20 на овој член, пловниот објект со кој е сторен прекршокот од став 1 алините 8, 13, 15 и 20  на овој член  трајно  се одзема во сопственост на Република Македонија со асистенција на униформиран полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот, со издавање на решение за трајно одземање на пловниот објект од страна на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба.

Покрај глобата од став 1 на овој член за прекршокот утврден во став 1 алините 8, 13, 15 и 20  на овој член, пловниот објект со кој е сторен прекршокот од став 1 алините 8, 13, 15 и 20  на овој член , времено се одзема со асистенција на униформиран полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот за период од шест месеци до една година, со издавање на решение за времено одземање на пловниот објект, од страна на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба. Во случај на повторување на  прекршокот од страна на истиот сторител или со истиот пловен објект, пловниот објект трајно се одзема  во сопственост на Република Македонија со асистенција на униформиран полициски службеник во моментот на сторување на прекршокот, со издавање на решение за трајно одземање на пловниот објект од страна на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба.

Против решението на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба не е дозволена жалба.

Против решението на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба, може да се поднесе тужба за управен спор во рок од осум дена од приемот на решението за одземање на пловниот објект.

Тужбата за управен спор не го одлага извршувањето на решението за времено и трајно одземање на пловниот објект, донесено од  инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба.

Трошоците кои ќе настанат од спроведувањето на решението  за времено одземање на пловниот објект до истекот на рокот за враќање на пловниот објект паѓаат на товар на сторителот на прекршокот."

Член 5

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за внатрешната пловидба.

Член 6

Овој закон закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

### I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Со одредбите од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба, предложени се решенија со кои се дополнува законот со нови одредби во член 65 со кои се пропишува дека заради тестирање и промотивни цели на пловниот објект е потребно да се издаде привремена пловидбена дозвола од страна на Капетанијата. За издавање на привремена пловидбена дозвола со Предлогот на законот се утврдува дека е потребно да се поднесе барање до Капетанијата, се пропишува осодржината на барањето и докази кои треба да се приложат кон барањето.

Со членовите 2, 3 и 4 од Предлогот на законот се прошируваат повредите на законот утврдени како прекршоци заради кои се прдвидува покрај пропишаната глоба и прекршочна мерка времено и трајно одземање на пловен објект. Исто така се уредува постапката за начинот на одземање на пловниот објект

### II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со предложените решенија се овозможува дополнување на одредбите од законот во делот на прекршочните одредби.

### III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се уреди вршењето слетување и полетување на хидроавиона на внатрешните води на територијата на Република Македонија, како и начинот на поставувањето на објекти на вода.